МЦМС во своето 20-годишно постоење во повеќе наврати ги употребил кампањите за да ја подигне свеста на граѓаните и да ги поттикне да ја дадат својата поддршка за прашањето или темата на кампањата.

Првата кампања што ја спроведе МЦМС се уште е една од најпознатите. „ Цело е кога има се! “ (1999 и 2000 година) Кампањата имаше за цел да го промовира мирот и хуманите вредности. Таа комуницираше преку едноставни пораки укажувајќи на вредностите на животот. Потоа следуваа кампањите: „ Јас живеам овде “ (2003); „ Кажи Македонија “ (2004); „ Велигденска кампања “ (2005 – продолжување на Кажи Македонија); „ Кажи ОК за МК “ (2005); „ Еден до друг – различни, а еднакви “ (2007), „ И НАТО и Македонија “ (2008) и „ Донирај од твојот персонален данок на доход “ (2008) и „ Чиста сметка – здрава вода “ (2009).

Кампањите на МЦМС не опфаќаат само медиумска презентација туку и централни но, и децентрализирани настани. Ова овозможува полесен пристап до оние на кои им се наменети пораките од кампањите.